# *СЛУЖБЕН ГЛАСНИК*
# *НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО*


| Службен гласник на Општина Пехчево | Понеделник 05.03.2018 год. | Уредува: |
|---|---|---|
| | | Душко Миовски |
| Излегува по потреба | Број 02 - Година 2018 | Општина Пехчево |
| Гласникот е бесплатен | | тел. (033) 441-321 |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на актите од Советот на општина Пехчево**

Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пехчево на петтата седница одржана на ден 05.03.2018 година, во Службен Гласник на општина Пехчево и тоа:

1. Одлука за верификација на мандат на член на совет на општина Пехчево;
2. Одлука за усвојување на годишниот план за јавни набавки на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2018 година;
3. Одлука за усвојување на финансискиот план на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2018 година;
4. Одлука за усвојување на завршната сметка на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2017 година;
5. Одлука за усвојување на извештај за извршени работи во ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево во 2017 година;
6. Заклучок за не усвојување на завршната сметка на ЈПУД ,,Равен,, - Пехчево за 2017 година;
7. Одлука за разрешување и именување на членови на управен одбор во ЈПУД ,,Равен,, - Пехчево;
8. Одлука за усвојување на годишен план за вработување во ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево за 2019 година;
9. Одлука за усвојување на финансов извештај од завршната сметка од ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево за 2017 година;
10. Одлука за усвојување на финансов извештај од завршната сметка од ОУ ДК ,,Јане Сандански,, - Пехчево за 2017 година;
11. Одлука за усвојување на годишен извештај за плати и комунални услуги за ОУ МБ ,,Кочо Рацин,, - Пехчево за 2017 година;
12. Одлука за поништување на Одлуката за краткорочно задолжување на општина Пехчево бр.08-169/1 од 12.02.2018 година;
13. Одлука за краткорочно задолжување на општина Пехчево;
14. Одлука за давање на времено користење на градежна машина ровокопач JCB 4CX на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево;

**15.** Заклучок за превземање правни дејствија за враќање на градежна машина CAT-D-8R;

Бр. 09-303/1
05.03.2018 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за верификација на мандат на член на совет на општина Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за верификација на мандат на член на совет на општина Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на петтата седница одржана на ден 05.03.2018 година.

Бр. 09-303/2
05.03.2018 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 33 и член 35 став 1 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002), член 15 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), издаденото Уверение за избор на член на Советот на општина Пехчево од страна на Општинската изборна комисија - Пехчево бр.11-354/2 и поднесениот Извештај со предлог за верификација од страна на комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања бр.08-223/2 од 23.02.2018 год., Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 05.03.2018 година донесе

**О Д Л У К А**
**за верификација на мандат на член на Советот на општина Пехчево**

**Член 1**

Со оваа одлука СЕ ВЕРИФИКУВА мандатот на член на советот на општина Пехчево на

- ВЕСНА КАРАКАШОВСКА, СДСМ и коалиција;

**Член 2**

Мандатот на советникот трае до 18.10.2021 година;

**Член 3**

Одлуката да се достави до именуваниот, Општинската изборна комисија - Пехчево, градоначалникот и архивата на општина Пехчево.

**Член 4**

Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-287/1
05.03.2018 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за усвојување на годишниот план за јавни набавки на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2018 година**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за усвојување на годишниот план за јавни набавки на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2018 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на петтата седница одржана на ден 05.03.2018 година.

Бр. 09-303/3
05.03.2018 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 и 6 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 30 став 1 точка 25 и 27 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 05.03.2018 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на годишниот план за јавни набавки на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2018 година**

**Член 1**

Советот на Општина Пехчево го усвојува Годишниот план за јавни набавки на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2018 година.

**Член 2**

Годишниот план за јавни набавки на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2018 година бр. 09 - 104/1 од 15.02.2018 година е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила со денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-288/1
05.03.2018 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

## ЈКП „Комуналец„ – Пехчево

Врз основа на член 26 од законот за јавни набавки (Службен весник на РМ бр. 136/07; 130/08...180/14, 78/15, 192/15), а во врска со Правилникот за формата, содржината, како и начинот на изготвување на годишниот план за јавни набавки („Службен весник на Р.М” бр.84/12), Директорот на ЈКП „Комуналец„ – Пехчево на ден 15.02.2018 донесе:

ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
КОМУНАЛЕЦ
бр 09-104/1
15.02.2018 год
ПЕХЧЕВО

# ГОДИШЕН ПЛАН

## За јавни набавки во 2018 година

| | Предмет на договор за јавна набавка/рамковна спогодба | Шифра според ОПЈН | Очекуван почеток на постапката | Проценета вредност на договорот / рамковната спогодба без ДДВ (денари) | Вид на постапка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.Договори и рамковни спогодби за јавна набавка на стоки | | | | | |
| 1 | Моторни бензини и дизел гориво | 09132000-3, 09130000-9 | Јануари | 1.000.000,00 | Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување оглас |
| 2 | Канцелариски материјали | 30192000-1 | Февруари | 80.000,00 | Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување оглас |
| 3 | Натриум хипохлорит NaOCl , алуминиум сулфат, хидратна вар за прехрамбена индустрија и кварцен песок | 24312220-2, 24313000-1 | Февруари | 250.000,00 | Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување оглас |
| 4 | Моторни масла и антифриз | 09211100-2 | Февруари | 80.000,00 | Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување оглас |
| 5 | Фасонски делови | 44000000-0 | Јануари | 300.000,00 | Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување оглас |
| 6 | Гуми за возила | 34350000-5 | Февруари | 100.000,00 | Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување оглас |
| 7 | Дрва за огрев | 03413000-8 | Април | 100.000,00 | Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување оглас |
| 8 | ХТЗ опрема | 18143000-3 | Јануари | 50.000,00 | Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување оглас |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 9 | Набавка на средства за хигиена | 39800000-0 | Јануари | 30.000,00 | Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување оглас |
| 10 | Погребална опрема | 33970000-0 | Февруари | 200.000,00 | Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување оглас |
| 11 | Набавка на садови за собирање на смет | 44613800-8 | Јануари | 150.000,oo | Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување оглас |

**II. Договори и рамковни спогодби за јавна набавка на услуги**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Автоосигурување и колективно осигурување | | Јануари | 40.000,00 | Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување оглас |
| 2 | Сервисирање компјутери и компјутерска опрема | | Јануари | 30.000,00 | Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување оглас |
| 3 | Одржување и сервис на возила (со резервни делови) | 50100000-6 | Јануари | 200.000 ден | Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување оглас |
| 4 | Превентивно одржување на софтвер | 48443000-5 | Јануари | 55.000,00 | Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување оглас |
| 5 | Регистрација на возила | | Февруари | 35.000,00 | Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување оглас |
| 6 | Сервис на камион за отпад | | Март | 100.000,00 | Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување оглас |
| 7 | Агенција за привремени вработувања | | Јули | 300.000,00 | Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување оглас |
| 8 | Електротехнички услуги, винклување на електромотори и поправка на електрични апарати | 31700000-3 | Јули | 50.000 ,00 | Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување оглас |
| 9 | Телекомуникациски услуги за мобилна телефонија и интернет (за 2 години) | 64200000-8 | Март | 180.000,00 | Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување оглас |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 10 | Дреарски и браварски работи | | Февруари | 150.000,оо | Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување оглас |
| 11 | Сервисирање и баждарење на водомери | | Февруари | 50.000,оо | Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување оглас |
| 12 | Анализа на вода за пиење (мали анализи) | 90733100-5 | Јануари | 130.000,оо | Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување оглас |
| 13 | Осигурување на имот и основни средства | 66510000-8 | Април | 60.000,00 | Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување оглас |
| 14 | Сервис на ЈЦБ | | Мај | 150.000,00 | Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување оглас |
| 15 | Елаборат за заштитни зони за Пехчевска Река и Ж'тачка Река | | Мај | 100.000,00 | Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување оглас |
| 16 | Угостителски услуги | 55300000-3 | Февруари | 40.000,00 | Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување оглас |

ЈКП „Комуналец„-Пехчево

Директор

Билјана Аспровска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлуката за усвојување на финансискиот план на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2018 година**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за усвојување на финансискиот план на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2018 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на петтата седница одржана на ден 05.03.2018 година.

Бр. 09-303/4
05.03.2018 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 27 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 05.03.2018 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Финансиски план на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за 2018 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува Финансискиот план на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2018 година.

**Член 2**

Финансискиот план на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2018 година бр. 05-103/1 од 15.02.2018 година е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево

Бр.08-289/1
05.03.2018 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
ЈАВНО КОМУНАЛНО
ПРЕТПРИЈАТИЕ
КОМУНАЛЕЦ
Бр 05-103/1
15.02.2018 год
ПЕХЧЕВО

# ФИНАНСИСКИ ПЛАН 2018 ГОДИНА
# ЈКП "КОМУНАЛЕЦ" – ПЕХЧЕВО

## 1. ВКУПНО ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ

1.Приходи од нови приклучоци и обновување на стари..........100 000
2.Приходи од граѓани по основ на вода и канализација..........6 000 000
3.Приход од правни лица по основ вода и канализација..........3 000 000
4.Приходи од губре од физички лица..........2 000 000
5.Приход од губре правни лица..........950 000
6,Погребална такса..........1 050 000
7.Пазаришна такса и резервации..........350 000
8.Прих.од граѓани за извршени услуги за водовод и канализација..........70 000
9.Приход од градежни машини..........550 000
10.Чистење на тротоари и други јавни површини (јавна чистота)..........450 000
11.Улично – услуга..........300 000
12.Приходи од наплата на стар долг поради отужување и судење..........1 500 000
13. Приходи од зимско одржување..........300 000
14, Приходи од одржување на паркови и зеленило..........700 000
15, Приход од наплата на адвокатски и нотарски трошоци..........100 000

**Вкупно планирани приходи =17 420 000 .00**

## 2. ВКУПНО ПЛАНИРАНИ ТРОШОЦИ

### Трошоци за набавка на материјали

1.Канцелариски матерјали..........80 000
2.Резервни делови и поправка на возила..........450 000
3.Погребални трошоци..........200 000
4.Резервни делови и водовод..........300 000
5.Набавка на хлор..........150 000
6.Алуминиум сулфат..........40 000
7.Вар..........10 000
8.Кварцен песок..........50 000
9, Садови за собирање на смет..........150 000
Вкупно =1 430 000,00

### Трошоци за енергија

1.Електрична енергија..........500 000
2.Огревно дрво..........100 000
3.Нафта и бензин..........1 000 000
4.Уље и сл..........80 000
Вкупно = 1 680 000,00

## Други трошоци

1.ПТТ услуги за наплата на сметки на вода од граѓани....................................50 000
2.Трошоци за телефон.......................................................................................75 000
3.Трошоци за интернет услуги............................................................................11 000
4.ХТЗ опрема.......................................................................................................50 000
5.Лица кои вршат услуги за ЈКП Комуналец.......................................................50 000
6.Трошоци за испитување и анализа на вода.....................................................130 000
7.Комунална такса................................................................................................6 000
8.Компјутерски и софтверски трошоци ...............................................................90 000
9.Регистрација на возила......................................................................................30 000
10.Трошоци за членови на У.О.............................................................................50 000
11.Дневници ..........................................................................................................40 000
12.Репрезентација..................................................................................................40 000
13,Прехрамбени производи и сретства за хигиена..............................................30 000
14.Банкарски услуги...............................................................................................40 000
15,Премии за осигурување....................................................................................100 000
16.Камати...............................................................................................................350 000
17.Судски такси......................................................................................................50 000
18.Бруто плати.....................................................................................................9 800 000
19.Амортизација...................................................................................................1 200 000
20,Трошоци за бруто плата за вработени преку АПВ.........................................1 000 000
21, Изработка на елаборат ..................................................................................100 000
22, Дреарски и браварски услуги и вулканизер.......... .......................................150 000
23, Сервис на камион за смет...............................................................................100 000
24, Електротехнички услуги и поправка на електрични апарати..........................50 000
25,Трошок за јавна чистота.....................................................................................450 000
26.Трошоци за Адвокат и Нотар.............................................................................100 000

Вкупно =14 142 000,00

**Вкупно планирани трошоци = 17 252 000 .00**

ЈКП „КОМУНАЛЕЦ" – Пехчево
ДИРЕКТОР Аспровска Билјана

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за усвојување на завршната сметка на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2017 година**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за усвојување на завршната сметка на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2017 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на петтата седница одржана на ден 05.03.2018 година.

Бр. 09-303/5 Градоначалник на
05.03.2018 год. Општина Пехчево
Пехчево Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 29 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 05.03.2018 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Завршната сметка на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2017 година**

**Член 1**

Со оваа одлука советот на општина Пехчево ја усвојува завршната сметка на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2017 година.

**Член 2**

Завршната сметка на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за 2017 година е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-290/1 Совет на општина Пехчево
05.03.2018 година Претседател
Пехчево Николчо Јовчев с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за усвојување на извештај за извршени работи во ЈКП „Комуналец„ - Пехчево во 2017 година**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за усвојување на извештај за извршени работи во ЈКП „Комуналец„ - Пехчево во 2017 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на петтата седница одржана на ден 05.03.2018 година.

Бр. 09-303/6 Градоначалник на
05.03.2018 год. Општина Пехчево
Пехчево Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 29 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 05.03.2018 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Извештајот за извршени работи во ЈКП „Комуналец„ - Пехчево во 2017 година**

**Член 1**

Со оваа одлука советот на општина Пехчево го усвојува Извештајот за извршени работи во ЈКП „Комуналец„ - Пехчево во 2017 година бр. 01-91/1 од 13.02.2018 година.

**Член 2**

Извештајот за извршени работи во ЈКП „Комуналец„ - Пехчево во 2017 година бр. 01-91/1 од 13.02.2018 година е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-291/1 Совет на општина Пехчево
05.03.2018 година Претседател
Пехчево Николчо Јовчев с.р

---

ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
ЈАВНО КОМУНАЛНО
ПРЕТПРИЈАТИЕ
КОМУНАЛЕЦ
Бр 01-91/1
13.02.2018 год
ПЕХЧЕВО

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕНИ РАБОТИ ВО ЈКП „КОМУНАЛЕЦ" – ПЕХЧЕВО ВО 2017 ГОДИНА

Пехчево
13.02.2018

Ул.,Истра,, бр.40
e- mail : jkpkomunalecpehcevo@yahoo.com

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕНИ РАБОТИ ВО ЈКП „КОМУНАЛЕЦ" - ПЕХЧЕВО ВО 2017 ГОДИНА

Преку овој извештај е прикажано работењето на ЈКП Комуналец – Пехчево 2017 година, и истиот ги содржи основните податоци за работењето преку остварениот физички обем на производство и услуги и финансиските показатели.

### *Дејности на ЈКП*

- Преработка на вода и дистрибуција на истата до корисниците и одржување на објектите и опремата од системот за водоснабдување;
- Прифаќање и одведување на фекалната вода и одржување на канализационата мрежа;
- Собирање, изнесување и депонирање на комунален отпад од стамбени, деловни, индустриски и дворни површини;
- Чистење на јавни прометни површини;
- Уредување и одржување на градско зеленило;
- Организирање на пазар на мало;
- Погребални услуги и одржување на гробишта.

### *Организациска поставеност на претпријатието*

Организационата поставеност на претпријатието согласно статутот на ЈКП овозможува процесот на работа да биде организиран на ниво на одделенија кои ќе продолжат да работат како такви континуирано и во 2018 година:

1. Водовод и канализација
2. Производство на вода – филтер станица
3. Одделение за собирање на отпад, одржување на јавна чистота и одржување на паркови и зеленила;
4. Одделение за гробишта;
5. Општи и правни работи;
6. Финансии.

Основната задача на водовод и канализација е да обезбеди на корисниците чиста и здрава вода за пиење како и континуирано зафаќање и одведување на урбани отпадни води.

Во текот на 2017 година ова одделение имаше за цел услугите да ги извршува со што повисок степен на квалитет и со најефикасна употреба на постоечките ресурси, навремено деактивирање и елиминирање на сите неконтролирани истекувања на вода од водоснабдителниот систем со цел намалување на загубите на вода, перманентно следење на квалитетот на сировата и преработената вода и оспособување на водоснабдителниот систем за прифат и дистрибуција на вода до сите реони во градот.

Зафаќањето, доведувањето, преработката и дистрибуцијата на вода до потрошувачите се врши преку водоводен систем кој го сочинуваат: 2 захвати, од каде водата се зафаќа и преку доводниот цевовод ø140 во должина од 4км + 2км ø 100 (Јудови Ливади) се доведува до филтер станицата за преработка на сировата вода, со капацитет од 30л /сек, со лабораторија каде се следи квалитетот на водата, 6 резервоари со капацитет 1000м³ Водоводните линии се во должина од 30км, изведени од ПВЦ и полиетилен. На водоводната мрежа имаме вкупно 1600 легално приклучени корисници.

ЈКП во делот на снабдување врши:

- Редовно тековно одржување на водоводната мрежа;
- Интервенции на дефекти во мрежата;
- Оформување на приклучоци на водоводната мрежа;
- Одржување на фонтани и јавни чешми;
- Реконструкција на водоводни линии;
- Систематско следење на притисоците во мрежата.

Поради специфичноста на работата одделот Водовод и канализација е организиран со дежурни екипи кои интервенираат во викенд и за време на празници на повик, за отстранување на дефект на водоводнатса мрежа. Овој оддел во изминатиот период редовно ги извршуваше секојдневните обврски и тоа:

- Периодични перења на резервоарите од системот за водоснабдување;
- Периодични прегледи на електромашинската опрема во резервоарите;
- Отстранување на дефектите што се јавуваат при експлоатација на електромашинската опрема.

Овој оддел има задача да врши и:

- Контрола и одржување во исправна состојба на водомерите кај сите корисници на вода;
- Поправка и баждарење на водомери;
- Замена и монтажа на водомери;
- Испитување на водомери (овластена установа во Скопје).

Во склоп на тековното одржување се извршени следните работи:

- Интервенција на дефекти на водоводна мрежа-48;
- Приклучувања на водоводна мрежа -10 нови и 11 обновувања на приклучоци за вода.

Квалитетот на водата за пиење се контролира од страна на ЈЗУ Кочани,па во 2017 година извршени се 48 физичко-хемиски и бактериолошки анализи и тоа од градскиот дистрибутивен систем,од резервоарите за питка вода и сирова вода.

Според законските прописи е предвидено и извршена е една голема анализа за финална и сирова вода за концентрација на пестициди,радиолошка анализа и трихалометани,физичко-хемиска и бактериолошка анализа.Испитувањето е извршено во Центар за јавно здравје-Скопје.Резултатите од сите наведени анализи ги задоволуваат законските прописи според Правилникот за безбедност на водата за пиење(Сл.весник на РМ бр.54/2002 и 84/2007).

Согласно законот за безбедност на храната,имплементирани се процедурите базирани на НССР(ХАСАП) принципите и се применува системот за проценка на критичните контролни точки(АОККТ).

Со имплементацијата на НССР системот се овозможува производство на здравствено-хигиенски безбедна вода за пиење.Постапката на верификација за функционирање на НССР системот и документацијата на сите процедури и записи кои произлегуваат од овие принципи во изминатиот период е извршена.

Во 2017 година одделот има извршено:

- Поправка и баждирање на водомери-сменети 15 стакла,баждирани 3 водомери;
- Замена и монтажа на водомери- заменети 22 механизми на водомери, вградени 13 нови водомери и 11 обновувања на приклучоци за вода.

Одделот Канализација обезбедува прифаќање и одведување на урбаните отпадни води од корисниците и одржување на канализациониот систем.

Постоечкиот канализационен систем во градот се карактеризира со тоа што е изведен претежно како сепаратен и во него се прифаќаат фекалните отпадни води. Меѓутоа мора да се напомене дека постојат делови т.е. во централното градско подрачје каде се влеваат и атмосферски води кои предизвикуваат дополнителни проблеми при обилни врнежи, затоа што истите не се димензионирани да може да ги прифатат таквите екстремни количини на атмосферски води.

Овој оддел врши:

- Интервенција на дефекти на канализацијата;
- Доведување на улиците во исправна состојба на места каде што се извршени ископи заради отстранување на дефекти во водоводната и канализационата мрежа;
- Перење /чистење на канализациони линии рачно и со пумпа.

Собирањето, транспотирањето и депонирањето на отпадот од индивидуалните стамбени површини и претпријатија го врши екипа за таа намена и во текот на Во 2017 година се изнесени следниве количини на смет:

| | |
|---|---|
| Градско подрачје | 2.100 м$^3$ |
| Селски населби | 1.120 м$^3$ |
| Вкупно | 3.220 м$^3$ |

Одделот за Јавна комунална хигиена своите задачи и обврски ги прилагодува и ги извршува според Програмата за чистење на јавно прометни површини за 2017 година, донесена од Совет на Општина Пехчево. Со неа се дефинирани работните задачи на овој оддел и се состојат во:

- Одржување на хигиената (метење и миење) на јавно прометните површини во градот;
- Изнесување, транспортирање и депонирање на сметот што се создава на овие јавни површини;

- Зимско одржување на јавните површини низ градот Пехчево, селските населби со кипер, скип.

Покрај редовните активности овој оддел ги извршуваше и следните вонредни активности:

- Чистење за празникот Водици;
- Извршени се чистења на градските гробишта пред и после верските празници во изминатиот период;
- Секојдневно расчистување на депониран градежен отпад и отпад од зеленило низ градот и блиската околина;
- Отстранување на комунален отпад депониран на несоодветни локации низ градот и блиската околина по барање на граѓаните;
- Утовар и транспорт на исечени дрвја од централното градско подрачје;
- Чистење, метење и исфрлање на смет по повод државни празници и фестивал на дувачки оркестри;

За извршување на овие активности ЈКП е опремено со специјално возило за смет од 7м³ и трактор со капациотет од 2м³, за изнесување на смет од тесни улички, 1 ровокопач и друга потребна опрема. Контењерите се со капацитет од 1.1 м³ а кантите се од по 120 литри.
Треба да се напомене дека ЈКП се грижи и одржува 2 општински депонии: за комунален отпад и за градежен отпад и шут.

Одделот за погребални услуги во 2017 година година има извршено 82 закопи во Општина Пехчево,од кои во градот 42 закопи.
Во склоп на одржувањето на гробиштата редовно се косат 8000м² тревна површина.

Пазарот, т.е. вработените кои го опслужуваат извршувајќи ги своите работни задачи обезбедува соодветни услови за продавачите на земјоделски производи кои се во поголем број како и продавачите на друг вид роба кои според законот имаат право да продаваат на пазарот.

Исто така грижата за хигиената, опремата и основните средства на пазарот спаѓа во секојдневните обврски на вработените во ЈКП.

Како и претходната така и во првата половина од 2017 година се појавуваа диви продавачи, но во акција и во соработка со МВР веднаш се отстрануваа.

Бројот на вработени кои го опслужуваат и чистат пазарот е 8. Пазарот после секој пазарен ден се чисти и собира сметот, а преку лето и се пере со вода од хидрант.

Освен ова се извршени и следните активности:

| ИЗВРШЕНИ РАБОТИ ВО 2017 ГОДИНА |
|---|
| -Редовно читање на месечни и тримесечни состојби на водомери за правни лица и 2 пати годишно за приватни лица; |
| - Собирање на мрши од умрени животни, претежно кучиња, мачки, свињи, овци, крави (со скип) и закопување на место предвидено за таа намена (вкупно 70)-21000 ден. |
| -Направени 4 нови тезги за пазар поктиени и од задна страна (со пластифициран лим) со сопствени средства-30000 ден. |

4

| |
|---|
| Редовно распостилање и средување на смет на градска депонија (со скип); |
| Гасење на пожари предизвикани од испуштени гасови од смет на депонијата: |
| -Баждарење водомери за правни и физички лица во Биро за метропогија во Скопје; |
| -Ископан ров од 15м и вградено црево за вода и канализационни цевки и затрупано со скип; |
| -Рачно ископано и санирано пукнато црево од стар водовод во Робово; |
| -Редовно собирање на комунален отпад по распоред; |
| -Санирано пукнато црево на плоштад (кај Туџарски) со абоар и вратено во првобитна состојба-2000 ден. |
| -отпушена канализација на кеј (Бубо фризеро)-5000 ден. |
| -Косени градските гробишта редовно од пролет до есен; |
| -Ископано и поставен хидрант во плац на ЈКП Комуналец за сопствени потреби; |
| -Замена на расипани механизами на водомери на јавни и приватни лица; |
| -Поставена чешма на кеј на полукружните клупи-1000 ден. |
| -Пуштање на Жтако во река Пехчевска (на пролет) и сопирање на есен; |
| -Кастрење на дрва во централното градско подрачје и исфрлање на гранки на депонија-10000 ден. |
| -Копање и отпушување на канализација и вградена шахта на ул. Малешевска-1000 ден. |
| -Вадење на расипан и вградување на нов мотор на фонтана пред хотел Гогов; |
| -Товарање и транспорт на 6 дрвени тезги од Берово и дрвена ограда за потребите на Фестивал на дувачки оркестри-3000 ден. |
| -Замена на пукнати стакла и гумици на водомери на приватни лица; |
| -Поставени знаци на паркинг за потеребите на Фестивал на дувачки оркестри; |
| -Изработка на нова шахта на ул. Малешевска-2000 ден. |
| -Перење на градскиот пазар од пролет до есен, а за враме на фестивалот и повеќе пати; |
| -Издавање на пазаришни тезги на угостители за Фестивал на дувачки оркестри; |
| -Отварање и чистење на заматени водомери од пролет до есен; |
| -Заменета капа од 2" вентил меѓу Умлена и Чифлик; |
| -Отпушување на канализација пред Здравствен Дом во Пехчево; |
| -Изработка на нова шахта со бехатон плочки пред работилница на Ѓорѓи Китански-1000 ден. |
| -Средување на плац на ЈКП и засадување на трева и борчиња-30000 ден. |
| -Чистење на захват на Јудови ливади и на Пехчевска река ( неколку пати); |
| -Изработена нова капија од профили на влез во плац на ЈКП (на в лезот откај гробиштата) и дел од главната капија на главен влез-12000 ден. |
| -Чистење на наноси од талог на ул. 8ми Март и каналетките на истата со ровокопач-3000 ден. |
| -Отпушување на канализација во с.Негрево-1000 ден. |
| -Чистење на пропуст на ул. Првомајска и отпадот одложен на градска депонија; |
| -Вграден хидрант во постоечка шахта на ул.Првомајска кој подоцна послужи за гасење на пожар на ул Пиринска-2000 ден. |
| -Чистење на резервоар за вода во с. Црник-3000 ден. |
| -Саниран дефект на водовод во с.Негрево; |
| -Поставување на колчиња за гроб ни места на градски гробишта (парцелизација)-12000 ден. |
| -Копање, шелување, бетонирање и поставување на решетка на ул. Кадииц-6000 ден. |
| -Перење и перхлорирање на резервоари за вода во Пехчево (3) и во Црник, Умлена, Робово и Негрево (3 пати – пролет, есен, зима)-3000 ден.(Црник) |

5

| |
|---|
| -[illegible] на црево со спојки и абоар на булевар-3000 ден. |
| -Поставени 3 нови капаци за шахти на ул Првомајска (метални со бетонски прстен)-1500 ден. |
| -Поставени 2 нови капаци за шахти во Робово-2000 ден. |
| -Гасење на пожар над с.Негрево-3000 ден. |
| -Копање, шелување на бетонска шахта и поставен нов метален капак со бетонски прстен на ул. 8 Март-9000 ден. |
| -Ископ на тротоар на ул.Илинденска", вградена нова шахта 1.5м ф100 канализациона со редуцир и споена со азбестни цевки (притоа изработена скриена шахта)-2000 ден. |
| -Испуштање на вода секоја втора недела, по потреба и почесто; |
| -Отпушена канализација под кујна на школата; |
| -Отпушена канализација пред дуќан на Јован Пешански; |
| -Во плац на ЈКП постелено песок и тампонирано (спремано за бетонска платформа за перење на возила на ЈКП-2000 ден. |
| -Санирано пукнато водоводно црево на Ветеринарна станица; |
| -Раскопување на тротоар, сечење на асфалт, отпушување на канализација, потоа бетонирање на нов капак за шахта (метален со бетонска опшивка) на ул.Ванчо Китанов-5000 ден. |
| -Санирано пукнато водоводно црево позади домо во с.Негрево; |
| -Порамнување на земја со ровокопач (околу изгорена куќа)-3000 ден. |
| -Поставување на нов капак метален со бетонска опшивка на ул.Првомајска-500 ден. |
| -Изработка на нова канализациона шахта и капак во с.Робово-3000 ден. |
| -Надзидана шахта за атмосферска вода на ул.Првомајска со блокови и цемент-1000 ден. |
| -Отпушување на канализација на булевар; |
| -Надзидана шахта со воздушен вентил на ул.Првомајска со блокови и цемент-1000 ден. |
| -Поставен нов капак за шахта во с.Робово-1000 ден. |
| -Копано и вградувано канализациони цевки од куќи до шахти во с.Робово . (цевките набавени од Општина Пехчево)-20000 ден. |
| -Отпушена канализација на ул.Илинденска; |
| -Санирано пукнато црево 6/4 на ул Илинденска оштетено од страна на изведувачот Жикол-1500 ден. |
| -Поставена мрежна летва над захвато на Јудови ливади и растурено поило за крави поради заматување и загадување на водата; |
| -Шелувана и подигната шахта на ул.Буковик-1500 ден. |
| -Отпушена канализација во с.Црник-3000 ден. |
| -Заменета пукната чешма позади Пензионерски дом-500 ден. |
| -Порамнување на депонија со шљунак и изваден асфалт-3000 ден. |
| -Пробивање со хилта отпушување на канализација и поставен бетонски капак за шахта зад Ресторан Викторија-2000 ден. |
| -Поставени 2 нови бетонски капаци на ул.Првомајска-2000 ден. |
| -Два нови приклучоци за вода во с.Умлена; |
| -Бетонирани 2 прекопа на ул.Страхил Кујунџиски (копано за промена на инсталација)-3000 ден. |
| -Замена на вентил 2" во м.в. Лимев Гроб-2000 ден. |
| -Саниран дефект меѓу Умлена и Робово и заменета цевка и УКС и вградено испуст во шахтата-3500 ден. |

6

| |
|---|
| ...тпушена канализација во с.Умлена и ископано и сменето парче цевка па направена скриена шахта-3000 ден. |
| -Поставени 2 нови капаци во с.Умлена-2000 ден. |
| -Нова шахта и парче црево за испуст во индустриска зона под Цузе пром-3000 ден. |
| -Саниран дефект на м.в. Симин Рид со цевка и УКС и вграден воздушен вентил-6000 ден. |
| -Саниран вентил кај магацин на Прогрес; |
| -Вградена цевка на депонијата за атмосферска вода-3000 ден. |
| -Вграден вентил под гробишта во Пехчево за да се сопираат чешмите на гробиштата во зиме за да се спречи замрзнување и пукање на чешмите и поставен испусен вентил-1500 ден. |
| -Вбграден испусен вентил во шахта на амбуланта во с.Умлена-1500 ден. |
| -Однесени 8 канти за смет во с.Панчарево дадени на реверс (набавени од страна на ЈКП)-10500 ден. |
| -Нов капак на тротоар на ул. Гоце Делчев за канализационна шахта-1500 ден. |
| -Ставено песок по сите нагорнини во Пехчево и во селата-2000 ден. |
| -Поминато со камион за снег по Пехчево, Робово и Умлена-28000 ден. |
| -Фрлено песок и сол по нагорници и централното градско подрачје-3000 ден. |
| -Соборено навалено дрво, отпушена канализација и вградено шахта во двор на стара амбуланта-3000 ден. |
| -Вградена цевка ф250 канализациона и 2 спојки во с.Црник (старата е искршена)-4000 ден. |
| -Симнато 10 см бетон од каскада во с.Умлена (поради поплави)-1000 ден. |
| -Акција садење на 50 садници – борчиња во плац на ЈКП ; |
| -Ставено мрежа ограда од западна страна на ЈКП-2000 ден. |
| -Исправена, заварена металната елка и однесена на плоштад во Пехчево-1500 ден. |
| -Чистен пропуст во с.Чифлик до игралиште од наноси на талог и камења-1500 ден. |
| -Нова канализациона цевка, шахта и капак на ул.Страшо Пинџур-4000 ден. |

### *Активности на органите на управување*

Управниот Одбор на ЈКП во 2017 година има одржано вкупно 3 седници на кои се разгледувани:

- Усвојување на Завршна сметка на ЈКП „Комуналец" за 2016;
- Усвојување на Извештај за извршени работи во 2016;
- Усвојување на Финансиски Извештај за работењето на ЈКП Комуналец за периодот од 01.01 2016 до 31.12.2016;
- Усвојување на Дополнување на годишен план за јавни набавки во 2017;
- Разгледување на Барања и жалби од корисници на комунални услуги и донесување Одлуки за Барањата и Жалбите.
- Усвојување на Програма за работа на ЈКП Комуналец за 2018година;
- Усвојување на Годишен план за јавни набавки за 2018;
- Усвојување на Финансиски план за 2018 година;
- Донесување на Одлука за усогласување на стопанисувањето на претпријатиетo со градски гробишта, согласно Законот за гробишта и погребални услуги;
- Донесување на Одлука за еднократна парична помош;
- Донесување на Одлука за касов максимум;

7

– Донесување на Одлука за формирање на Пописна комисија;

Надзорниот Одбор има одржано 1 седница на која е дадена препорака до Управниот Одбор на ЈКП за усвојување на Завршната сметка и разгледување на завршната сметка за 2016 година и Извештајот за извршени работи во 2016 година и е дадена препорака до Управниот Одбор за усвојување на Завршната сметка и Извештајот.

*Вработеност*

ЈКП Комуналец во 2017 ја извршува работата со вкупен број на работници од 29, од кои 9 со ВСС, 12 со ССС и 8 со ОО.

13.02. 2018
Пехчево

ЈКП„Комуналец" – Пехчево
Директор
Билјана Аспровска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на заклучок за не усвојување на завршната сметка на ЈПУД „Равен„ - Пехчево за 2017 година**

СЕ ОБЈАВУВА заклучокот за не усвојување на завршната сметка на ЈПУД „Равен„ - Пехчево за 2017 година, што советот на општина Пехчево го донесе на петтата седница одржана на ден 05.03.2018 година.

Бр. 09-303/7
05.03.2018 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002) и член 30 точка 29 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 05.03.2018 година донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за не усвојување на Завршната сметка на ЈПУД „Равен„ - Пехчево за 2017 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево не ја усвојува завршната сметка на ЈПУД „Равен„ - Пехчево за 2017 година.

**Член 2**

Завршната сметка на ЈПУД „Равен„ - Пехчево за 2017 година повторно ќе се разгледува на наредната седница на совет, во присуство на сегашниот и претходниот Директор на претпријатието.

**Член 3**

Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-292/1
05.03.2018 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за разрешување и именување на членови на управен одбор во ЈПУД „Равен„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за разрешување и именување на членови на управен одбор во ЈПУД „Равен„ - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на петтата седница одржана на ден 05.03.2018 година.

Бр. 09-303/8
05.03.2018 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/02) член 17 од Законот за јавните претпријатија (Сл.Весник на Р.М бр.38/96....39/16) и член 30 став 1 точка 26 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 05.03.2018 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за разрешување и именување на членови на Управен одбор во ЈПУД „Равен„ - Пехчево**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево не ја прифати поднесената оставка бр. 08-190/1 од 12.02.2018 година на Звонко Тодоровски.

Советот на општина Пехчево не ја прифати поднесената оставка бр. 08-193/1 од 12.02.2018 година на Сузана Миовска.

За членови на Управен одбор на ЈПУД „Равен„ - Пехчево повторно се именуваат:

1. Звонко Тодоровски - Пехчево
2. Сузана Миовска - Пехчево

**Член 2**

Членовите на Управен одбор на ЈПУД „Равен„ - Пехчево се именуваат за период од 4 (четири) години со право на повторно именување.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-293/1
05.03.2018 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлуката за усвојување на годишен план за вработување во ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за 2019 година**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за усвојување на годишен план за вработување во ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за 2019 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на петтата седница одржана на ден 05.03.2018 година.

